**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**бр. 14-480/1**
**17.03.2026 год.**
**Гевгелија**

# И З В Е Ш Т А Ј

## за реализација на Програмата на Општина Гевгелија за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2025 година

**Вовед:**

Врз основа на член 14 став (2) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 32/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2024 година донесе Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2025 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 26/24). Програмата беше подготвена врз основа на доставен Акционен план (Елаборат) за дезинфекција, дезинсекција и дератизација како посебни мерки за Општина Гевгелија за 2025 година од Центарот за јавно здравје Велес- Подрачна единица Гевгелија, изработен од д-р епидемиолог Сашко Олумчев.

Согласно донесената Програма, Општина Гевгелија во текот на 2025 година спроведе повеќе активности насочени кон превенција и заштита на здравјето на населението од заразни болести. Во рамки на програмските активности беа реализирани мерки за обезбедување безбедна вода за пиење, дезинсекција, дератизација и дезинсекција, како и активности поврзани со санитарно-хигиенски надзор, во соработка со надлежните институции и овластени економски оператори.

Целта на овие активности е намалување на ризикот од појава и ширење на заразни болести и обезбедување здрави и безбедни услови за живот на населението на подрачјето на Општина Гевгелија.

Во Извештајот се вклучени и податоци добиени од Центарот за јавно здравје Велес- Подрачна единица Гевгелија, кои се однесуваат на евидентирани заразни заболувања на подрачјето на Општина Гевгелија во текот на 2025 година.

Овој извештај дава преглед на реализираните активности и мерки спроведени во текот на 2025 година согласно Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести.

### ЕВИДЕНТИРАНИ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО 2025 ГОДИНА

Според податоците доставени од Центарот за јавно здравје Велес – Подрачна единица Гевгелија, во текот на 2025 година на подрачјето на Општина Гевгелија се евидентирани вкупно 172 случаи на заразни заболувања, од кои 96 кај лица од машки пол и 76 кај лица од женски пол.

Во структурата на пријавените заболувања доминираат овчите сипаници, со вкупно 144 заболени лица, од кои 81 се од машки, а 63 од женски пол. Најголем дел од случаите се регистрирани кај детската популација. Така, кај деца на возраст од 1

година се евидентирани 10 момчиња и 3 девојчиња, на 2 години – 16 момчиња и 9 девојчиња, на 3 години – 6 момчиња и 12 девојчиња, а на 4 години – 7 момчиња и 9 девојчиња. Кај деца на возраст од 5 години се регистрирани 8 момчиња и 6 девојчиња, на 6 години – 9 момчиња и 8 девојчиња, додека во возрасната група од 7 до 9 години се евидентирани 14 момчиња и 5 девојчиња. Во возрасната група од 10 до 14 години се регистрирани 6 лица од машки и 3 лица од женски пол, а кај младите од 20 до 29 години – 2 лица од женски пол. Поединечни случаи се јавуваат и кај повозрасната популација, и тоа во групата од 30 до 39 години – 5 мажи и 5 жени и во групата од 40 до 49 години – 1 жена.

Со ентероколитис се регистрирани 12 заболени лица, од кои 5 мажи и 7 жени. Заболени се 2 девојчиња на возраст од 3 години, како и лица во возрасните групи од 20 до 29 години (4 мажи и 4 жени), од 40 до 49 години (1 маж) и над 60 години (1 жена).

Во текот на годината се регистрирани и 13 случаи на шуга, од кои 9 кај мажи и 4 кај жени. Еден случај е евидентиран кај дете на возраст од 1 година (машко), еден кај дете на возраст од 2 години (машко), еден во возрасната група од 15 до 19 години (женско), три случаи во групата од 40 до 49 години (жени), три случаи на возраст од 50 до 59 години (1 маж и 2 жени), како и четири случаи кај лица постари од 60 години (2 мажи и 2 жени).

Во анализираниот период се регистрирани и поединечни случаи на други заразни заболувања, и тоа 1 случај на бактериски менингитис кај лице од машки пол на возраст над 60 години, 1 случај на вирусен хепатитис Б кај лице од женски пол во возрасната група од 40 до 49 години, како и 1 случај на чикунгуња кај лице од женски пол во возрасната група од 20 до 29 години.

Во текот на 2025 година не се евидентирани случаи на туберкулоза, морбили, рубеола, паротитис, дифтерија, тетанус, пертусис, салмонелоза, шигелоза и други потешки заразни заболувања, што укажува на поволна епидемиолошка состојба на подрачјето на општината. Исто така, не се регистрирани смртни случаи како последица на заразни заболувања.

Врз основа на наведеното може да се констатира дека епидемиолошката состојба на подрачјето на Општина Гевгелија во 2025 година е стабилна. Најголем дел од пријавените случаи се однесуваат на овчи сипаници кај детската популација, додека останатите заразни заболувања се јавуваат со значително помала зачестеност.

## МОНИТОРИНГ И КОНТРОЛА НА ИСПРАВНОСТА НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ

ЈПКД „Комуналец"- Гевгелија во текот на 2025 година спроведуваше континуирани активности за обезбедување и одржување на исправноста на водата за пиење во рамки на јавниот водоснабдителен систем на подрачјето на општината. Како основна превентивна мерка за обезбедување микробиолошка безбедност на водата, се спроведуваше редовна дезинфекција преку хлорирање. Со процесот на хлорирање се обезбедува инактивација на потенцијално патогени микроорганизми и се одржува микробиолошката стабилност на водата во дистрибутивната мрежа. Во рамки на оперативниот надзор се вршеше континуирано следење и регулирање на концентрацијата на резидуален хлор во водоводниот систем, со цел обезбедување на оптимално ниво на дезинфекционо средство кое спречува секундарна контаминација и размножување на микроорганизми во дистрибутивната мрежа.

Контролата на квалитетот на водата за пиење се спроведуваше преку редовен мониторинг на водоснабдителниот систем, со земање на мостри од повеќе контролни точки во системот. Посебно внимание беше посветено на објекти од јавен интерес, како што се образовните институции, детските градинки и други установи каде

престојуваат чувствителни категории на население. Земањето мостри се вршеше согласно утврдениот план за мониторинг на водата за пиење и во согласност со важечката законска регулатива и стандардите за контрола на квалитетот на водата.

Земените мостри од водата за пиење беа доставувани на лабораториска анализа во Центарот за јавно здравје- Велес, овластена институција за испитување на квалитетот на водата за пиење. Во рамки на лабораториските испитувања се анализираа следните параметри:

- микробиолошки параметри (присуство на индикаторни и патогени микроорганизми),
- физичко-хемиски параметри (основни показатели за квалитет на водата),
- органолептички својства (боја, мирис, вкус и матност).

Во текот на 2025 година беше извршено вкупно 181 испитување/ лабораториска анализа на мостри од водата за пиење од водоснабдителниот систем на Општина Гевгелија.

Според добиените лабораториски извештаи од Центарот за јавно здравје- Велес, најголемиот дел од анализираните мостри ги исполнуваат пропишаните здравствено-хигиенски стандарди за вода за пиење. Редовниот мониторинг овозможува навремено детектирање на евентуални отстапувања од пропишаните параметри и преземање соодветни технички и оперативни мерки за нивно надминување.

**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ХИГИЕНСКО-ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ВО УЧИЛИШНИТЕ И ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ**

Во текот на 2025 година, во основните и средното училиште на подрачјето на Општина Гевгелија: ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија (со ПУ Моин), ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија (со ПУ Богородица и ПУ Мрзенци), ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци (со ПУ Прдејци и ПУ Кованец), ООУ „Климент Охридски“- Миравци (со ПУ Давидово) и СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, беа спроведени редовни инспекциски надзори од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат на РСМ- Подрачно одделение Гевгелија.

Инспекциските надзори беа реализирани во текот на месеците мај и октомври 2025 година во централните и подрачните училишта, за што беа составени соодветни записници за извршените контроли. При надзорите беше констатирано дека училишните објекти ги исполнуваат пропишаните санитарно-технички и хигиенски услови за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес. Исто така, утврдено е дека во училиштата редовно се вршат задолжителните санитарни прегледи на вработените, се применуваат пропишаните мерки за одржување на хигиената, како и дека навремено се спроведуваат мерките за дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД).

| Установа | Објекти | Датум на инспекциски надзор | Бр. на записник |
|---|---|---|---|
| ООУ „Крсте Мисирков“ - Гевгелија | Централно училиште и ПУ Моин | 07.10.2025 | 03-442/1 |
| ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија | Централно училиште и ПУ Мрзенци, ПУ Богородица | 03.10.2025<br>14.10.2025 | 09-177/1<br>09-178/1<br>09-178/2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци | Централно училиште и ПУ Кованец и ПУ Прдејци | 08.05.2025<br>09.05.2025<br>07.10.2025<br>14.10.2025 | 03-187/1<br>03-187/2<br>03-319/1<br>03-326/1 |
| ООУ „Климент Охридски“- Миравци | Централно училиште и ПУ Давидово | 07.10.2025 | 03-278/1 |
| СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија | Централно училиште | 08.10.2025 | 09-176/1 |

Во текот на 2025 година, во сите училишта и нивните подрачни објекти, двапати беа реализирани активности за дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на овластената и сертифицирана служба. Третманите беа спроведени пред почетокот на второто полугодие и почетокот на новата учебна година, за што се издадени соодветни санитарни потврди.

Средствата за реализација на овие активности беа обезбедени од буџетските сметки на Училиштата, односно од средствата за блок-дотации, при што за секој третман беа издвоени средства согласно склучените договори со овластената служба.

| Установа | Објекти | Датум на ДДД третман | Бр. на санитарна потврда | Износ (денари) |
|---|---|---|---|---|
| ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија | Централно училиште и ПУ Моин | 17.01.2025 / 22.08.2025 | 4518/25, 4519/25 / 5568/25, 5569/25 | 35.400 / 35.400 |
| ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија | Централно училиште, ПУ Богородица и ПУ Мрзенци | 17.01.2025 / 22.08.2025 | 4517/25, 4516/25, 4515/25 / 5572/25, 5571/25, 5570/25 | 35.400 / 35.400 |
| ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци | Централно училиште, ПУ Прдејци и ПУ Кованец | 17.01.2025 / 22.08.2025 | 4512/25, 4513/25, 4514/25 / 5573/25, 5574/25, 5575/25 | 35.400 / 35.800 |
| ООУ „Климент Охридски“- Миравци | Централно училиште и ПУ Давидово | 17.01.2025 / 22.08.2025 | 4509/25, 4511/25 / 5329/25, 5330/25 | 29.500 / 29.500 |
| СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија | Централно училиште | 17.01.2025 / 22.08.2025 | 4527/25 / 5576/25 | 35.400 / 35.400 |

| Установа | Објекти | Датум на ДДД третман | Број на санитарна потврда / изведувач | Износ (денари) |
|---|---|---|---|---|
| ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија | Централно училиште | 24.01.2025 | ЛИСА-КОМ МС ДООЕЛ- Кавадарци | 23.600 |
| ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија | Централно училиште | 29.08.2025 | Еко-Мат Контрол ДООЕЛ- Гевгелија | 9.600 |

Во текот на 2025 година, во ЈОУДГ „Детска радост"- Гевгелија, вклучувајќи го централниот објект и клоновите „Сончогледи" и „Цветови", „Малото штркче"- Богородица, „Развигорче" - Прдејци, Негорци и Миравци, беа спроведени редовни инспекциски надзори од страна на на Државниот санитарен и здравствен инспекторат на РСМ- Подрачно одделение Гевгелија и превентивни санитарни активности коишто ги презеде Институцијата.

Целта на овие активности беше да се обезбедат соодветни санитарно-хигиенски услови за престој на децата, да се спроведат обврските за редовни санитарни прегледи на персоналот, како и да се реализираат мерките за дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД).

Следните табели ги прикажуваат датумите на надзорите, спроведените ДДД активности, санитарните потврди и износите за реализација по објекти.

| Установа и објекти | Датум на инспекциски надзор | Констатација | Записник |
|---|---|---|---|
| Централен објект + клонови: „Сончогледи", „Цветови", „Малото штркче"- Богородица, „Развигорче"- Прдејци, „Негорци", „Миравци" | 04.04.2025 | Целосно санирање на тавански дел од прокиснување на атмосферски води во ходникот, занималните и санитарниот јазол во клон „Сончогледи ".<br><br>Целосно санирање на тавански дел од прокиснување на атмосферски води во ходникот во клон „Миравци".<br><br>За останатите објекти се исполнети санитарно-технички и хигиенски услови | 09-69/ 09-70/ 09-71/ 09-72/ 09-73/ 09-74 |
| Централен објект + сите клонови | 18.09.2025 | Исполнети санитарно-технички и хигиенски услови | 09-227/ 09-228/ 09-229/ 09-230/ 09-231/ 09-232 |

| Објекти | Датум на ДДД | Изведувач | Санитарни потврди | Износ (денари) |
|---|---|---|---|---|
| Централен објект + сите клонови | 17.01.2025 | ЛИСА-КОМ МС ДООЕЛ- Кавадарци | 4520–4526/25 | 35.400 |
| Централен објект + сите клонови | 17.07.2025 | ЛИСА-КОМ МС ДООЕЛ- Кавадарци | 5577–5583/25 | 35.400 |
| Централен објект + сите клонови | 19.06.2025 | Поставување репеленти против змии | Испратници бр. 4616/25 и 4617/25 | 35.400 |

## ПРАВИЛНО И НАВРЕМЕНО УПРАВУВАЊЕ СО ЦВРСТ ОТПАД И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ / ИЗГОТВУВАЊЕ ФЛАЕРИ И ПЛАКАТИ ЗА ПРАВИЛНА ДИСТРИБУЦИЈА И СЕЛЕКЦИЈА НА ЦВРСТИОТ ОТПАД

Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец"- Гевгелија го спроведува правилното и навремено управување со цврст, неопасен отпад преку организирано извршување на работни задачи кои опфаќаат комунална хигиена, одржување на јавни прометни површини, депонирање и селектирање на отпад, како и грижа за паркови и зеленило. Односите и обврските помеѓу давателот и корисниците на услугите се регулирани со Одлука за комунален ред на Општина Гевгелија бр. 07-2649/1 од 26.12.2014 година, како и со Одлука за измени и дополнувања бр. 09-658/1 од 13.03.2015 година.

Општина Гевгелија опфаќа вкупно тринаесет населени места и четири викенд населби, при што единствено градско населено место е самиот град Гевгелија. Останатите населени места, меѓу кои: Мрзенци, Негорци, Прдејци, Смоквица, Милетково, Миравци, Давидово, Моин, Ново Конско, Богородица, Габрово и Петрово, претставуваат помали села и рурални средини, додека викенд населбите Ума, Смрдлива Вода, Серменин и Конско овозможуваат дополнителни резиденцијални капацитети за привремено живеење и рекреација. Вкупниот број на жители на Општина Гевгелија изнесува 22.988, што го дефинира обемот и динамиката на услугите за комунално одржување, со посебно внимание на собирање, транспортирање и депонирање на цврст, неопасен отпад.

Собирањето и транспортирањето на цврст отпад во Општина Гевгелија се спроведува систематски и се организира согласно потребите на населението, карактерот на објектите и бројот на поставени контејнери. Јавното претпријатие „Комуналец" ги реализира активностите кои опфаќаат собирање и изнесување смет од индивидуалните станбени објекти, како и подигање и празнење на контејнерите од колективните станбени комплекси. Дополнително, се собира смет од индустриските капацитети, деловни објекти, хотели, приградските населени места и викенд населбите, а исто така се врши и собирање на селектиран отпад од индивидуалните објекти и од контејнерите за селектиран отпад поставени во колективните објекти.

Одржувањето на депонијата во Ново Конско, како и на депониите во другите населени места, е интегрален дел од процесот на управување со отпад. Подигањето и празнењето на контејнерите се организира согласно распоред: во населбите Миравци и Милетково ова се врши еднаш неделно, секој вторник, додека во Давидово и Смоквица собирањето се реализира секоја среда. Населбите Прдејци, Негорци, Мрзенци и Богородица имаат двојна неделна динамика, со собирање и празнење на контејнерите секој понеделник и четврток.

Секојдневните активности вклучуваат собирање на смет од сите станбени и деловни објекти, како и собирање на кабаст отпад, градежен шут и друг разноврстен материјал. Во текот на работните денови се собрани околу 19.000 тони отпад, што опфаќа делови од мебел, цели кревети и душеци, санитарии, кастрени гранки и друг вид на отпад од дворовите, куќите, становите и деловните објекти.

Бројот на поставени контејнери се движи во зависност од населеното место. Населеното место Негорци располага со 71 контејнер од 1,1 м³ и 3 контејнери од 5 м³, Прдејци има 34 контејнери од 1,1 м³ и еден контејнер од 5 м³, додека Смоквица располага со 10 контејнери од 1,1 м³, а Давидово со 18 контејнери од истата големина. Богородица има 50 контејнери, Мрзенци 22, Миравци 78, Ново Конско 15, а Милетково 6 контејнери од 1,1 м³. Населеното место Моин има 17 контејнери, додека викенд населбите Конско, Смрдлива Вода, Ума, Габрово и Серменин располагаат со 5, 10, 6, 2 и 8 контејнери, соодветно.

Покриеноста на населението со услуги за собирање на отпад е висока, достигнувајќи 100% во повеќето населени места. Исклучок се Габрово и Петрово, каде покриеноста изнесува 50%. Во градот, собирањето на отпад се врши секој ден, од понеделник до петок, при што домаќинствата добиваат услуги „од врата до врата“ преку канти од 120 литри, додека од колективните објекти се подигаат контејнери од 1,1 м³. Во викендите функционира дежурна служба која ги подига и празни исклучиво контејнерите.

За комунален отпад контејнери од 1,1 м³ се поставени: 15 долж булевар „Гевгелија“, 11 долж ул. „Деко Ковачев“, 4 долж ул. „Македонија“, 5 долж ул. „Страшо Пинџур“, 4 долж ул. „Мирче Ацев“, 15 долж ул. „Коле Неделковски“, 5 долж булевар- краен дел- „Топлик“, 2 крај „Вардар осигурување“, 2 крај Бункер зграда, 3 на Солун дирекција, 2 крај „Јавор Џоко“- Мрзенци, 2 на „Шимов“, 6 крај хотел „Фламинго“, 12 на граничен премин, 10 на терминал, 7 крај хотел „Аполонија“, 3 крај „Промес“, 2 крај „Конти Хидропласт“, 3 кај мотел „Вардар“, 1 кај ПТТ, 3 кај „Русе Комерц“, 2 кај „Стил Технолоџи“, 2 кај Караула, 2 кај МВР, 2 кај Ветеринарна станица, 1 кај „АС Специјал“, 4 кај Физикална терапија, 12 кај „Макпетрол“, 12 долж ул. „Илинденска“, 3 кај Трговски центар, 3 долж ул. „Љубљанска“, 11 долж ул. „Сава Михајлов“, 2 долж ул. „11 Октомври“, 4 долж ул. „Загребска“, 2 долж ул. „Титоградска“, 2 долж ул. „Белградска“, 3 долж ул. „Гоце Делчев“, 6 на Булевар – запад, 2 кај КПУ „Затвор“, 4 на патот за затвор, 3 долж ул. „Борис Карапузов“, 4 долж ул. „Петар Мусев“, 4 кај Спортската сала „26 Април“, 8 долж ул. „Железничка“, 4 кај „Випро“ – Прдејци, 5 на Градскиот пазар, 1 кај хотел „НАР“, 1 кај ЕВН, 3 кај старата автобуска станица, 8 долж ул. „Панде Дуганов“, 3 во Негорски Бањи, 18 кај Градските гробишта, 1 кај Факултетот при Универзитетот „Гоце Делчев“, 3 кај Основниот суд, 1 кај Општина Гевгелија, 1 кај Стариот пионерски дом, 4 кај градинката „Детска радост“, 3 кај ООУ „Владо Кантарџиев“, 18 во н.м. Давидово, 10 во н.м. Смоквица, 24 во н.м. Прдејци, 60 во н.м. Негорци, 40 во н.м. Богородица, 2 во н.м. Габрово, 64 во н.м. Миравци, 6 во н.м. Милетково, 16 во н.м. Мрзенци, 15 во н.м. Моин, 13 во н.м. Горничет, 10 во Срмдлива Вода, 2 во н.м. Петрово, 3 во Старо Конско, 2 во н.м. Кованец, 5 кај хотел „Принцес“, 2 кај „Винер“ (меѓузона), 1 кај ЕВН – Стопански двор, 5 кај „Лук Оил“, 1 кај ПЗУ „Дентиција“, 2 кај „Девомак“ – нов градски пазар, 3 кај зградата „Еуро Инг“, 12 кај „Блокотехна“, 2 долж ул. „Леонид Јанков“ и 12 долж ул. „7 Ноември“.

Контејнери од 1,1 м³ за селектиран отпад (хартија, пластика и лименки) се поставени на следните локации: 5 долж булевар „Гевгелија“, 3 долж ул. „Деко Ковачев“, 5 долж ул. „Коле Неделковски“, 1 на булевар- краен дел- Топлик, 1 кај „Вардар осигурување“, 1 кај Бункер зграда, 1 кај „Промес, 3 долж ул. „Илинденска“, 1 кај Трговски центар, 1 долж ул. „Љубљанска“, 5 долж ул. „Сава Михајлов“, 1 долж ул. „11 Октомври“, 1 долж ул. „Титоградска“, 3 на Булевар – запад, 1 долж ул. „Петар Мусев“, 1 кај Спортската сала „26-ти Април“, 1 долж ул. „Железничка“, 1 на Градски пазар, 1 долж ул. „Панде Дуганов“, 1 во Негорски Бањи, 1 кај Градските гробишта, 1 кај Основниот суд, 1 кај Општина Гевгелија, 1 кај ООУ „Владо Кантарџиев“, 10 во н.м. Прдејци, 11 во н.м. Негорци, 10 во н.м. Богородица, 14 во н.м. Миравци, 6 во н.м. Мрзенци, 2 во н.м. Моин, 2 во н.м. Горничет, 1 кај зградата „Еуро Инг“, 2 долж ул. „Леонид Јанков“ и 4 долж ул. „7 Ноември“.

За стакло, контејнери со зафатнина од 1,1 м³ се поставени на следните локации: 1 долж булевар „Гевгелија“, 1 долж ул. „Деко Ковачев“, 1 долж ул. „Коле Неделковски“, 2 кај „Јавор Џоко“ – Мрзенци, 1 кај „Промес“, 1 долж ул. „Илинденска“, 1 долж ул. „Сава Михајлов“, 1 долж ул. „Титоградска“, 1 долж ул. „Железничка“, 1 на Градски пазар, 1 кај хотел „НАР“, 1 долж ул. „Панде Дуганов“, 1 во Негорски Бањи, 1 во н.м. Смоквица, 1 во н.м. Прдејци, 1 во н.м. Негорци, 1 во н.м. Богородица, 1 во н.м. Миравци, 1 во н.м. Мрзенци и 3 долж ул. „7 Ноември“.

Со капацитет од 5 м³ поставени се: 1 контејнер кај „Интер Констакшан“– Прдејци, 1 контејнер кај „Виви Текс“, 5 контејнери кај „НОЕЛ“, 1 контејнер кај „7 Ноември“, 1 контејнер кај „Технопродукт“, 2 контејнери кај граничен премин, 1 контејнер кај „СОМИ“, 1 контејнер кај Психијатриска болница (Негорци), 1 контејнер во Семернин, 1 контејнер кај „Вори“, 1 контејнер кај „Авто сервис Миле“, 1 контејнер кај „Русе – Тина“, 1 контејнер кај „Меркјури“, 1 контејнер кај „Екстра фуд“, 1 контејнер кај „Техноалат“, 1 контејнер кај „Агро купанов“ и 2 контејнери кај „Конти Хидропласт“.

Транспортирањето на цврстиот неопасен комунален отпад се врши со специјализирани возила наменети за собирање и транспорт. ЈПКД „Комуналец“-Гевгелија располага со 6 возила различни големини, како и 3 трактори со приколици, кои се користат за собирање на кабаст отпад, мебел, душеци, санитарии, кастрени гранки од дворови и јавни површини, шут и друг вид на цврст неопасен отпад.

**Возен парк:**

| **Возило / Машина** | **Капацитет / Тип** | **Број на возила** |
|---|---|---|
| IVECO STRALIS | 16 м³ | 3 |
| FORD | 16 м³ | 1 |
| MERCEDES ATEGO | 8 м³ | 1 |
| MITSUBISHI | 8 м³ | 1 |
| LOVOL 55 трактор | | 1 |
| SOLIS 75 трактор | | 1 |
| IMT трактор | | 1 |

Собраниот комунален отпад се депонира на времензката депонија лоцирана кај населеното место Ново Конско. Депонијата е обезбедена со мрежна ограда и располага со објекти за функционирање на чуварската служба, вага за мерење на возилата, агрегат и соларни панели за производство на електрична енергија, пумпа со резервоар за техничка вода, како и градежна машина CATERPILLAR, која се користи за набивање и средување на отпадот на депонијата.

Депонирањето на кабаст отпад, шут, делови од мебел и друг вид на цврст неопасен отпад се реализира на локацијата „Милци“. На оваа депонија градежни компании, граѓани и ЈПКД „Комуналец“ ја одлагаат и депонираат целата количина на шут и кабаст отпад, согласно утврдените стандарди за безбедно и правилно управување со отпадот.

Селектирањето на отпад во Општина Гевгелија се наоѓа во почетна фаза на развој. За селекција на пластика, хартија и лименки, на домаќинствата во градот Гевгелија се распределени жолти канти од 120 литри. Собирањето на отпадот од овие канти се одвива согласно утврдена динамика. За селекција на стаклено пакување, на повеќе локации во градот се поставени специјални контејнери за стаклена амбалажа, кои се редовно подигнуваат и празнат од страна на фирмата „Пакомак“ од Скопје. Додека, за селекција на електронски отпад, Општина Гевгелија склучи договор за соработка со фирмата „Елколект“ од Скопје. Собирниот центар за депонирање на електронскиот отпад се наоѓа на улицата „Железничка“, до мостот на Сува Река.

Со цел подигање на јавната свест за правилно управување со отпадот и спречување на појава на заразни болести, во текот на 2025 година беа реализирани активности за информирање и едукација на населението. За таа цел беа користени флаери и информативни материјали за правилно одлагање и селекција на отпадот,

кои беа испратени заедно со месечните сметки за вода и информирање на правните субјекти и домаќинствата за начинот на селекција на отпад.

Во текот на 2025 година, Прочистителната станица за отпадни води во Гевгелија континуирано ги реализираше активностите поврзани со прием и третман на отпадните води. Процесите на механички и биолошки третман се одвиваа согласно технолошките можности и расположливите ресурси, при што се обезбедуваше основно ниво на функционалност на системот.

Во извештајниот период, системот за автоматско следење и управување (SCADA) не беше во функција, поради што не се водеше целосна и континуирана евиденција на клучните оперативни параметри (доток, проток, дневни количини на третирани отпадни води и сл.).

Дополнително, престанокот на ангажманот на лицето задолжено за одржување на SCADA системот и изработка на редовните извештаи имаше дополнително влијание врз континуитетот на прибирањето, обработката и систематизацијата на податоците. Согласно наведеното, за 2025 година не се располага со целосни и веродостојни податоци за работата на системот. Како референтни, по потреба може да се користат податоците од 2023 година.

Со цел надминување на констатираната состојба, ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија има воспоставено соработка со специјализирана компанија за обнова и модернизација на SCADA системот. Со имплементацијата на новото техничко решение се очекува воспоставување на интегриран и ефикасен систем за мониторинг и управување, како и обезбедување на целосна, точна и навремена евиденција и извештајност за работењето на системот.

## <u>ДДД МЕРКИ</u>

На 1 април 2025 година, Државниот санитарен и здравствен испектор при Подрачното одделение во Гевгелија спроведе редовен инспекциски надзор над субјектот Општина Гевгелија, утврдувајќи ја фактичката состојба над спроведувањето на општите и посебните мерки за спречување појава, рано откривање, спречување ширење и сузбивање заразни болести и инфекции со Записник бр. 09-63. Во Решението е наредено да се спроведе превентивна дезинсекција на населените места и јавни површини и превентивна дератизација на подрачјето на општина Гевгелија.

## ДЕРАТИЗАЦИЈА

Општина Гевгелија спроведе тендерска постапка за избор на економски оператор за истребување стаорци (дератизација) од канализациона мрежа и јавни површини во општина Гевгелија.

По спроведената постапка за јавна набавка, склучен е договор со Друштво за трговија и услуги „ЗОТОКС“ ДООЕЛ Скопје, како понудувач со најповолна понуда. Вкупната вредност на договорот изнесува 149.987 денари без ДДВ, односно 176.985 денари со ДДВ.

Во рамки на договорените активности, беа предвидени 2 третмана против стаорци во ревизионите шахти на канализационата мрежа, чиј број изнесува 1.830. Извршен е еден третман, на 20 мај 2025 година, со надзор и контрола од страна на општинските инспектори за животна средина и комунални работи. Препаратите што се користеа за изведување на дератизацијата беа антикоагуланти од втора генерација, во форма на парафински блокови (100 грамски)- Vertox Oktablok.

## ДЕЗИНСЕКЦИЈА

Општина Гевгелија спроведе тендерска постапка за избор на економски оператор за вршење аеросолна (теристичка) дезинсекција против возрасни комарци и ларвицидна дезинсекција против ларви од комарци.

По спроведената постапка за јавна набавка, склучен е Договор со Друштвото за производство, градежништво, инженеринг, трговија и услуги „ЛИСА-КОМ МС“ ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци, како понудувач со најповолна понуда. Вкупната вредност на договорот изнесува 999.960 денари без ДДВ, односно 1.179.953 денари со вклучен ДДВ.

Во рамки на договорените активности беа реализирани вкупно три третмани против возрасни комарци и три ларвицидни третмани.

Ларвицидната дезинсекција се спроведе со примена на течни и гранулирани препарати, и тоа:

- CYTROL 10-4 ULV (активна супстанца: Cypermethrin),
- BIOPREM 4 Gr (активна супстанца: S-methoprene),
- BIOPREM 50 ml (активна супстанца: S-methoprene).

Теристичката (аеросолна) дезинсекција против возрасни комарци се реализираше со препарати кои содржат активни супстанци Cypermethrin (10–20%) и Piperonyl Butoxide (4-5%).

Со секој поединечен третман против возрасни комарци беа опфатени 1.000 хектари површина на подрачјето на Општина Гевгелија. Ларвицидните третмани опфатија површина од околу 20 хектари по третман, и тоа на стојни води покрај реката Вардар, како и на критични локации во населените места во општината.

Динамиката на спроведување беше следна:
- Прв третман против возрасни комарци: 10 јуни 2025 година;
- Прв ларвициден третман: 11 јуни 2025 година;
- Втор третман (возрасни комарци и ларви): 8 јули 2025 година;
- Трет третман (возрасни комарци и ларви): 6 август 2025 година.

Спроведувањето на сите третмани беше под редовен надзор и контрола од страна на општинските инспектори за животна средина и комунални работи при Општина Гевгелија. Инспекцискиот надзор опфати контрола на применетите препарати, концентрацијата и начинот на апликација, како и усогласеноста на активностите со договорните обврски и утврдената динамика за реализација.

## ДЕЗИНФЕКЦИЈА

Во зградата на Општина Гевгелија, на 10.09.2025 година, беше спроведена дезинфекција, како дел од превентивните мерки за одржување на соодветни санитарно-хигиенски услови и заштита на здравјето на вработените и граѓаните кои ги користат услугите на администрацијата.

Дезинфекцијата беше извршена од страна на Друштвото за производство, градежништво, инженеринг, трговија и услуги „ЛИСА-КОМ МС“ ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци, како овластен економски оператор за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

На 16.10.2025 година, од страна на Државниот санитарен и здравствен иснпекторат- ПО Гевгелија е извршен контролен надзор на Општина Гевгелија во врска со претходниот редовен инспекциски надзор. Со записник бр. 09-63 е констатирано дека Општина Гевгелија ги има исполнето обврските од Законот за заштита на населението од заразни болести, односно има донесено Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2025 година и ги има спроведено ДДД мерките.

* Извештајот за реализација на Програмата на Општина Гевгелија за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2025 година е усвоен од страна на Советот на Општина Гевгелија со Заклучок бр. 09-527/1 од 25.03.2026 година.